

Јанко Илковски

# НЕКА БИДЕ ПОНЕДЕЛНИК

**Секој понеделник е како породилна мака, одблесок на првиот миг на креацијата. Но тегобата која овој ден ми ја носи ми е кристално јасна, само заради тоа што на овој ден му претходел денот на спокојот, денот кој има одблесок во вечноста, кој донесува само благ вкус на вечноста, недела.**

Тежок ми е секој понеделник, тежок и сив како да нема сончева светлина туку дисперзија на недефиниран извор кој прави целата околина да ја гледам небаре на црно-бел телевизор, облици без сенки. Без оглед дали е тмурен ден, дали е можеби најсончевото летно пладне, понеделникот секогаш во утробата ми снесува едно јајце на мачнина, стариот трик на кукавицата. Не сум стереотипот на Боб Гелдоф, кој се прослави со својата песна *Tell me why, I don't like Mondays,* за која се инспирира од еден новински натпис за едно момче кое дошло во училницата и пукало во своите соученици убивајќи неколкумина. Кога го уапсиле, на прашањето зошто го сторило тоа, лаконски одговорило - мразам понеделници.

Не ме движат деструктивни сили и помисли, далеку од тоа, но никогаш нема да ја разберам логиката на демонизираниот ум, како на пример во романот „Странецот“ на Ками, каде силното сонце му е причина за страшниот чин - но демонот ретко кога имал логика, и онака да го правиш тоа што го правиш, а написмено имаш добиено со заверка од „врховниот суд“ дека губиш, дека нема шанси да победиш на крајот и останува само до крајот да направиш што е можно повеќе беља. Значи, ве молам, не ме перцепирајте како социопат, мојата мака е последицата што треба да се вратам од Божјата прегратка, повторно во циклусот на повторно раѓање. Секој понеделник е како породилна мака, одблесок на првиот миг на креацијата. Но тегобата која овој ден ми ја носи ми е кристално јасна, само заради тоа што на овој ден му претходел денот на спокојот, денот кој има одблесок во вечноста, кој донесува само благ вкус на вечноста, недела.

Да присуствуваш на Литургија во недела, да вкусиш од вечниот осми ден, душата се разигрува како кутре кое трча по пеперутка (*патос екстраординар*), смирение во неизмерлива среќа, спокој во вкусот на божественото и отпочинувањето од макатa, крепењето на душата и телото во нивната есенција на ниво кое дури и не може разумно да се објасни е нешто што инстинктивно го препознаваме - спокојот на вечноста, ветената награда, она за што шест дена 'ргавме како клети робови повторно и повторно и повторно... и сè тоа исчезнува во два часа Литургија. Од каде е тој инстинкт? Од каде само го препознаваме тоа чувство? Од каде е таа колективна прасвест која ја носиме како отпечаток во секоја клетка и во нејзината ДНК?

Знам само едно, не би го имале и нема причина да ни се пројави во свеста како концепт освен ако не сме го имале некогаш, ако не сме го имале вечниот спокој, вечниот живот. Силно, но несвесно се сеќаваме на нашето пребивање во Еден, и сите ќе го носиме до крајот на светот, само насетувам колкава била наградата на небесата кога од коските на дедо Адам ни оставила на генерации како нетварно миро постојано да тече и да живее во нас тоа силно чувство на вечност кое го вкусуваме секоја недела. И тоа е толку силно што дури и неверниците и оние кои не одат во црква, го имаат тоа прекрасно чувство на невечерен ден, на спокој кој не сакате да престане, или како што еден ми вика - можам цел живот да го живеам во недела. Со смеење му одговарам и ќе го живееш. На зачудениот поглед оди моето одмавнување со рака низ смеа. Кој сега да му објаснува и измислува топла вода кога магарето за свои 30 години, иако му стоела под нос, не прочитал Библија и не поверувал. Простете, ама дегутантно ми е да докажувам и објаснувам и уверувам некого, после толку милениуми преполни со чудеса и докази и жртви и дела на светителите, дали има Господ. Не сум јас за мисионер, дефинитивно, но својата вера не ја кријам и јавно ја проповедам, како најдобро знам и умеам, но во квази-интелектуални дуели „мрско" ми е да влегувам. Јас не сум дете од црква, не сум од оние среќни кои биле причестени уште во утробата, не сум од оние кои штом слушнаа за Бога и поверуваа во Него. Мојата вера се роди на чудесен начин, јас поверував во Господ читајќи и гледајќи филмови за вселената, за универзумот. Еден од моите гуруа кои ме туркаа во прегратките на Бога, покрај мојот ангел спасител, беше Стивен Хокинг, човек врзан за количка, кој единствен досега имал таква дарба да го согледа она што ретко кој во историјата можел да го согледа и жив доказ дека кога Господ ќе ти затвори една - ти отвора друга врата. Хокинг е еден од ретките кој се доближил до она што Мојсеј ни го проповеда во првата глава на Библијата. Она што науката денес го зема за факт, дека универзумот настанал, одеднаш, во еден чин на креација, со огромна експлозија, кога одеднаш се создал универзумот, или материјалниот свет, со сите свои атрибути, пред сè време и простор, а кое уште како млад го имав спознаено од научно-популарните книги и списанија, ми дојде како удар зашеметувачки кога ги прочитав стиховите на Генезисот:

И рече Бог: „Нека биде светлина!" И би светлина.

Читав и не можев да поверувам, она што науката ми го докажуваше, дека универзумот се родил во еден миг, во миг на торжествен Блесок во кој ни од што е создадено нешто, кога духовното се материјализираше во она што денес ни е познато како универзум, Библијата го носела како факт илјадници години пред современата наука, еве ми го пред мене стихот на Почетокот-Нека Биде!

Со неверојатна лагодност и манир на најугледен аристрократ Господарот проговорува и ехото Негово сè уште одекнува, така ќе биде довека.

Тоа е понеделникот, денот кога почна сè, кога ништо не се знаеше, ниту што е ниту како е, потполна празнина на не-време, не-простор, непојмливо освен за добриот Бог, кој во Својот чин на креација создаде нешто кое не може да се појми, нешто што иако е материјален свет, и со тоа е подложно на наша обсервација и анализа, дадено ни е и на дофат, и понатаму останува само езотерична алхемија која не сме способни да ја согледаме во целост.

Во долгите непроспиени ноќи дебатирајќи со пријатели, читајќи филозофи, научници, и можноста да се анализира сè, паѓа во вода секоја рационална мисла кога доаѓаш до самиот чин на BIG BANG-от, како популарно го нарекуваат. Ме нервира, искрено, што верниците само го земаат здраво за готово овој чин, мојата фасцинација дека во еден миг, ништо, апсолутното ништо, кое дури и не можеш никако рационално да го согледаш, без видлива причина се материјализира, не како поток кој истекува и ја полни оваа кугла-аквариум со време-простор и материја, туку одеднаш, со непојмлива експлозија се создава универзумот. Хокинг вели дека за науката се фасцинантни овие мигови, првите минути по експлозијата, кога универзумот енормно брзо се ширел со непојмливо висока температура (науката има пресметки таа моја непојмливост на температурата дека изнесувала милиони Келвини). Она што се случило во тие неколку минути по експлозијата се факторот зошто универзумот денес е ваков каков што е. Како контраст на оваа епска теза се појави една, на прв поглед многу издржана теорија, за тоа дека и самиот чин на создавање на универзумот е циклична појава,

и ако се докаже тоа, нема тука простор за Бога, за креација. Имено, имаше теорија во 70-те години на XX век дека универзумот пулсира, дека се шири и дека во одреден миг, силите на гравитацијата ќе направат тој повторно да се врати во првобитната состојба од која пак, со голема експлозија, би се изнедрил нов универзум. И самата теорија е на стаклени нозе (на пример, ако повторно се збере во една точка на не-време - не-простор, што ќе ја иницира следната експлозија?) но нејсе, нека им биде, ја сакам дебатава. Неколку децении се вршеа мерења, проучувања и се докажа дека универзумот е стар 45 милијарди години, дека сè уште е во фаза на експанзија, на ширење, но тезата беше поразена со фактот дека оддалеченоста на материјата, во форми на галаксии и нивни кластери, нема доволно гравитациона сила повторно да го повлече универзумот во прапочеток, се докажа дека овој универзум ќе се шири бесконечно, сè додека има енергија која несомнено, еден ден ќе се разлие и ќе исчезне во бесконечните простори и конечно ќе згасне. Научниците докажаа дека овој универзум е еден и единствен, неповторлив, а со тоа е чин на креација. Чија? Мене ми е јасно, неверниците нека се препотуваат. Најпоразителниот и најнелогичниот факт до кој се дојде последниве години, а за жал не најдов ниеден верник со кој би истерал еден *бреинсторминг* на оваа тема, е дека универзумот забрзано се шири. Да, универзумот и натаму сè побргу и побргу се шири. Иако од големата Експлозија изминаа 45 милијарди години, досега универзумот требаше да биде во намалување на брзината или во најмала рака во една константна брзина, како што велат научниците, но некаква непозната темна материја прави тој да се шири сè побргу. Да, сè побргу се ближи и денот кога учебниците неодложно ќе мора да ги сменат своите граѓанско-атеистички концепти.

Хокинг ми долеа уште една капка во моето вртење кон верата и нејзино зацврстување, со фактот дека универзумот е точно скроен ваков каков што е, чии константи се толку прецизно поставени, без можност за каква било толеранција што несомнено води до тоа дека универзумот е дело, а не анархичен чин. Имено, со помош на неговите соработници, најновите сознанија, математичките константи на силите кои владеат во универзумот, се покажа дека и најминимално отстапување од овие константи, ја претвораат вселената во потполно негостољубиво место без каква било надеж животот да се појави како природен феномен во каков и да е облик-овие експерименти се изведени со користење на супер-компјутери кои го симулираат познатиот универзум под дадени константи кои се во природата и нивно најмало отстапување. Хокинг заклучува дека, можеби, целиот универзум е создаден токму ваков да биде, и скроен по наша мерка, за да може, конечно, да се создадат услови да се изнедри живот. За мене ова беше повеќе од доволно! Иако денес и самиот Хокинг дава и нови теории за универзумот, дека тој можеби е единствен овде и сега, но не е само овој универзум, дека постојат бесконечно многу универзуми во некоја повеќедимензионална сфера и дека се создаваат како кога врие водата и од ништо се создаваат „кломбурци“ со воздух. Можеби е така, но не се осмелувам да си дозволам аргументација со нобеловецот, а конечно, не можам а да не се насмеам на генијалецот Хокинг, кој кога-тогаш, ќе мора да си го постави прашањето за ринглата и лончето.

Со сета достојна почит кон светителите, мачениците, светите Отци за кои дознав дури откако влегов во верата и им се поклонив со неизмерна понизност и благодарност, но мојот пат кон Бога ми го открија научниците и сите тие нивни книги наменети за објаснување на светот во кој живееме. Најстрашно е што тие и понатаму одат пред сè со една цел, мотивирани повеќе да докажат дека нема Бог, дека универзумот е природен феномен зад кој не стои никој и ништо, и колку повеќе се трудат и дознаваат, дотолку повеќе ми ја зацврстуваат верата.

Се надевам дека ќе се навикнам на понеделникот, на исконското чувство на апсолутно ништо и будењето. Длабоко верувам дека ги носиме како колективно несвесно овие денови (недела и понеделник) во нашите гени, не само како денови кои цивилизациски сме се договориле да бидат такви какви што се, и дека односот кон нив и обврските кои сме ги преземале напразно го имаат тој атрибут, без суштина, тоа чувство на релаксираност и мака, породилна мака на следниот ден по одморот. Подлабоки се и повеќедимензионални корените на она што го имаме како претчувство на вечниот живот како космичко сеќавање, но и на денот на почетокот, кој постојано ни се случува секои седум дена, а ние, кои имаме предзнак за вечен живот, секако, ни е неприроден. За нашата природа само спокојот на вечноста е нешто што ми делува успокојувачки и вистинито. Вечност во прегратките на Бога.